**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр. 50-5079/1

Скопје, 08-07-2019 2019 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на Полугодишен извештај со табеларен преглед на податоците кои се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот 01.01.2019 до 30.06.2019 година, во Генералниот секретаријат на Владата.

Почитувани,

Генералниот секретаријат на Владата, согласно член 19 став (2) од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/2015 и 193/2015), Ви доставува Полугодишен извештај за податоците коишто се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот 01.01.2019 година до 30.06. 2019 година со табеларен преглед.

**Прилог 1:** Извештај за податоците кои што се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот 01.01.2019 до 30.06. 2019 година;

**Прилог 2:** Табела со Извештај кој се однесува на постапувањето по претставки и предлози за периодот 01.01.2019 година до 30.06. 2019 година.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

Подготвил: м-р Даниел Николов
Контролирал: м-р Драгана Алексовска
Согласен: Филип Чавдаревски
Одобрил: м-р Зорица Стојановиќ



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Извештај за постапувањето по претставки и предлози за периодот 01.01.2019 година до 30.06.2019 година, евидентирани во Генералниот секретаријат на Владата, во секторот за правни работи:**

Во периодот од 01.01.2019 до 30.06.2019 година, до Генералниот секретаријат на Владата, односно секторот за правни работи, доставени се вкупно 80 претставки и предлози, од кои 31 претставка и предлог од областа на имотно правните односи, управата и судството (од кои 26 се од актуелниот извештаен период за кој се составува извештајот, а 5 се пренесени од претходниот извештаен период), 16 претставки и предлози од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената, социјалната и детската заштита (од кои 15 се од актуелниот извештаен период и 1 е пренесена од претходниот извештаен период), 7 претставки и предлози од областа на станбено комуналните работи, урбанизмот, градежништвото, сообраќајот и животната средина (од кои 5 се од актуелниот извештаен период и 2 се пренесени од претходниот), 11 претставки и предлози од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос (8 се од актуелниот извештаен период и 3 се пренесени од претходниот) и 15 претставки и предлози по други прашања (13 се примени во актуелниот извештаен период и 2 пренесени од претходниот извештаен период) .

**Евидентирани претставки/предлози во 2019 година (период од 01.01.2019 до 30.06.2019 година) :**

Во наведениот период, во Генералниот секретаријат на Владата се евидентирани, вкупно 67 претставки и предлози, од кои: 26 се од областа на имотно -правните односи,управа и судство, 15 се од областа на пензиско-инвалидско осигурување, здравствена, социјална и детска заштита, 5 се од областа на станбено-комуналните работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина, 8 се од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос и 13 претставки и предлози се од останатите области.

**Пренесени претставки/предлози од претходниот извештаен период од 1.7.2018 до 31.12.2018 година:**

Од претходниот извештаен период пренесени се: 5 претставки/предлози од областа на имотно-правните односи, управа и судство, 1 претставка од областа за пензиско-инвалидско осигурување, здравствена, социјална и детска заштита, 2 претставки/предлози од областа на станбено-комуналните работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина, 3 претставки/предлози се од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос и 2 претставки/предлози се од останатите области, или вкупно (сите области) се пренесени 13 претставки и предлози.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Форма на поднесување:**

Од аспект на формата во која се доставени, 76 претставки и предлози се поднесени во писмена форма, додека 4 се поднесени усно на записник и нема електронски поднесени претставки и предлози. Согласно надлежноста на Генералниот секретаријат, истиот во законски предвидениот рок постапи по сите 80 претставки и предлози (испрати на надлежност, решени на друг начин, решени по иницијатива на Народниот правобранител).

**Подносители на претставките и предлозите**:

Од вкупниот број на претставки и предлози, физичките лица поднеле 59 претставки и предлози, правните лица поднеле 1 претставка, 4 претставки или предлози се анонимни и 16 поднесени од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.).

**Начинот на постапување по претставките и предлозите:** Генералниот секретаријат на Владата, согласно сопствените надлежности, по доставените претставки/предлози, постапува на следниот начин: На надлежност и постапување на надлежните органи препратени се вкупно 51 претставка и предлози, 26 претставки и предлози се одговорени на друг начин, 3 претставки/предлози се одговорени по иницијатива на Народниот Правобранител и нема претставки /предлози по кои не е постапено, од страната на Генералниот секретаријат во законскиот рок или рокот за постапување тече.

Преглед на постапување по претставките и предлозите по области:

- Од областа на **имотно правните односи, управата и судството** евидентирани се вкупно 31 претставка и предлог (26 се доставени во 2019 година и 5 пренесени од 2018) од кои 29 се поднесени во писмена форма и 2 усно на записник; 26 претставки и предлози се поднесени од физички лица, 1 претставка е поднесена од правно лице, 4 претставки се поднесени од други (група граѓани или застапници, полномошници) и анонимни не се поднесени; 19 претставки или предлози се препратени на надлежност во законски предвидениот рок до надлежните органи, 1 претставка е решена по иницијатива од Народниот правобранител, додека 11 се решени на друг начин (во законски рок).
- Од областа на **пензиското и инвалидското осигурување, здравствената, социјалната и детската заштита**, вкупно се евидентирани 16 претставки и предлози (од кои 15 се евидентирани во 2019 година и 1 претставка е пренесена од 2018); 9 претставки или предлози се поднесени од физички лица, нема претставка поднесена од правно лице и нема анонимна, додека 7 претставки/предлози се поднесени од други; 10 претставки/предлози се препратени на надлежност, во законски пропишан рок, а 6 претставки

/предлози се решени на друг начин. Од вкупниот број претставки/предлози 15 се писмено поднесени и 1 е поднесена усно на записник.

- Од областа на **станбено комуналните работи, урбанизмот, градежништвото, сообраќајот и животната средина** поднесени се вкупно 7 претставки и предлози, 2 претставки/предлози се пренесени од претходниот извештаен период, односно 5 се примени во актуелниот извештаен период; сите се поднесени во писмена форма. Две (2) претставки/предлози се поднесени од физички лица, нема претставки или предлози кои се доставени од правни лица, 2 се анонимни, додека 3 претставки/предлози се поднесени од други лица; 4 се препратени на надлежност, додека 3 претставки/предлози се решени на друг начин, во законски пропишан рок.
- Од областа на **образованието, вработувањето и правата од работен однос**, се евидентирани вкупно 11 претставки или предлози (8 се евидентирани во 2019 година и 3 се од 2018), од кои сите се писмено поднесени и сите од физички лица; 6 претставки или предлози се препратени на надлежни институции, 4 се решени на друг начин, додека 1 претставка е решена по предлог на Народниот правобранител;сите се решени во законски пропишан рок.
- Од **останатите области** доставени се вкупно 15 претставки или предлози (2 се пренесени од 2018 година, а останатите 13 се евидентирани во 2019 година) и тоа 1 претставка која е поднесена, усно на записник, односно 14 се писмено поднесени; Од нив 11 претставки и предлози се поднесени од физички лица, нема претставки поднесени од правни лица, 2 се поднесени од други лица, и 2 анонимни поднесени претставки и предлози; 12 претставки или предлози се препратени во законски рок до надлежните институции, а 2 се решени на друг начин (во законскиот рок), додека за 1 претставка постапката е решено по иницијатива на Народниот правобранител;сите се решени во законски пропишан рок.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

Подготвил: м-р Даниел Николов
Контролирал: м-р Драгана Алексовска
Согласен: Филип Чавдаревски
Одобрил: м-р Зорица Стојановиќ


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

# ИЗВЕШТАЈ

за податоците коишто се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот од 1 .01. -30.06.2019 година

| Број на примени претставки и предлози | | | Област | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | Број на претставки и предлози по кои не е постапено | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени | Пренесени | Вкупно | | Усно | Писмено | Електронски | Физички лица | Правно лице | Други | Анонимни | Постапено | Непостапено | Постапката е во тек | Препратени на надлежност | Постапено по иниијатива на МП | Постапено по иницијатива наНП | На друг начин | Во законски пропишаниот рок | По истекот на рокот | Рокот за постапувањеизминал | Рокот за постапувањетече | Забелешка |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 26 | 5 | 31 | Имотно правни односи, управа и судство | 2 | 29 | - | 26 | 1 | 4 | 0 | - | 0 | 0 | 19 | 0 | 1 | 11 | 31 | - | - | - | |
| 15 | 1 | 16 | Пензиско-инвалидско осигурување, здравствена социјална и детска заштита | 1 | 15 | - | 9 | 0 | 7 | 0 | - | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 6 | 16 | - | - | - | - |
| 5 | 2 | 7 | Станбено-комунални работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина | 0 | 7 | - | 2 | 0 | 3 | 2 | - | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 3 | 7 | - | - | - | - |
| 8 | 3 | 11 | Образование, вработување и права од работен однос | 0 | 11 | - | 11 | 0 | 0 | 0 | - | 0 | 0 | 6 | 0 | 1 | 4 | 11 | - | - | - | - |
| 13 | 2 | 15 | останато | 1 | 14 | - | 11 | 0 | 2 | 2 | - | 0 | 0 | 12 | 0 | 1 | 2 | 15 | - | - | - | |
| 67 | 13 | 80 | Вкупно:80 | 4 | 76 | - | 59 | 1 | 16 | 4 | - | 0 | 0 | 51 | 0 | 3 | 26 | 80 | - | 0 - нема | 0 - нема | нема |